СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 12 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**25-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 12.IX. 1995 г.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 3..
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 58, 70
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 21
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 49, 61, 75
5.ЃУНЕР ИСМАИЛ – 3, 4, 5
6. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 12, 16, 17, 18, 19, 20
7. КАДРИУ ЗЕКИР - 24, 25
8. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО – 28
9. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД – 83
10. МАЛИНСКА ПЕРСИДА - 45, 72
11. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 51, 53
12. ОСМАНИ РУФИ - 36
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 16, 18, 31..(води седница)
14. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 16
15. РАМАДАНИ ХИСНИ - 29, 36
16. СИМОВСКА ЕМИЛИЈА - 34, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 50, 51, 58, 59, 60, 68, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 73, 74, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 84,85 и 86.
17. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 39, 42, 43, 46, 64, 68, 76, 77.
18. СОИРОВСКИ ИГОР – 53 (прозива)
19. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 10
20. ХАСИПИ КЕНАН - 10

Д.р. стр.5, б, 7, 8 и 9

1. Зак. за одликување
2. Зак.за основно образование
3. Зак. за средно образование
4. Ратификац. РМ и Холандија
5. Ратификац. РМ и Турција
6. Ратификац. РМ и Кина
7. РМ и Турција
8. РМ и Турција
9. Високо образование

- Седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 септември 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Киро Поповски, Живко Јанкуловски, Санде Џамбазовски, Николина Трајановска, Илија Каров, Илија Гоцевски, Кирил Спасовски, Иван Бојков и Владе Давитковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (Не)

Констатирам дека записникот од Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

I/2 СП/НД

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот на законот за основното образование и Предлогот на законот за средното образование, Собранието да ги разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Координаторот на пратеничката група на Либералната партија ме извести дека поради изразениот политички интерес од страна на пратеничките групи и потребата од дополнителни; консултации на пратеничките групи го повлекува Предлогот на Декларацијата во името на потписниците на Пратеничката група на Либералната партија и предложи таа да биде ставена на дневен ред на седницата на Собранието закажана за 20 септември 1995 година.

Пратеникот Исмет Рамадани од името на Пратеничката група на ПДП побара дневниот ред на Дваесет и правата седница на Собранието да се дополни со Информација за бројот на граѓаните на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство со табеларен преглед за нивната национална припадност.

На Дваесет и четвртата седница на Собранието министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски, извести дека Информацијата се наоѓа во владина процедура и по нејзиното конечно усвојување ќе се достави до Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија до денес не достави информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гунер Исмаил.

**ЃУНЕР ИСМАИЛ:**

Точно е Информацијата на Министерството за внатрешни работи е во тековна владина процедура и претпоставуваме дека до крајот на месец септември ќе бидеме во состојба да ја презентираме на Собранието, како што бараше пратеникот Рамадани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на господинот Рамадани, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека предлогот не е усвоен, со ова објаснение од претставникот на Владата.

Пратеникот Аце Коцевски, побара Владата на Република Македонија за 24-тата седница на Собранието на Република Македонија да изготви Информација за причините, последиците и мерките што ги преземаат надлежните заради загаденоста на воздухот во Титов Велес од Топилницата за олово и цинк "Злетово".

На 24-тата седница на Собранието, министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина Јорго Шундовски, побара Информацијата да биде разгледана на оваа седница со што се согласи и пратеникот Аце Коцевски.

Владата на Република Македонија до денес не достави Информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Ѓунер Исмаил.

**ЃУНЕР ИСМАИЛ:**

Колегата Шундовски, на минатата седница ја прифати обврската за презентирање на комплетна информација во врска со она што пратеникот Коцевски го бараше во овој момент, се разбира, прибирајќи ги податоците по различни основи, со оглед на тоа што се работи за една комплексна проблематика, Владата ја подготвува таа информација, заради информирање на пратеникот и пратеничкиот состав, но во исто време јас сум должен да нагласам дека ресорните министерства согласно своите законски надлежности ги вршат своите обврски во врска со ова загадување предизвикано од Топилницата во Велес.

Мислам дека таа информација, доколку биде изготвена во време прифатливо за господинот Коцевски, Владата ќе ја презентира на една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за, предлогот на господинот Коцевски, да крене рака? (32).

Констатирам дека предлогот не е усвоен, со оглед на оваа информација од Владата.

Пратениците Јован Николов и Милчо Трајков, поднесоа барање Владата на Република Македонија да изготви Информација аз состојбата со водата за пиење во Титов Велес со показатели за хемиската и бактериолошката чистота и загадувањето на почвата и земјоделските производи со тешки метали и тоа да биде разгледано на оваа седница на Собранието.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

До денес ваква информација не е добиена од Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

I/5.-

Има збор господинот Ѓ унер Исмаил.

**ЃУНЕР ИСМАИЛ:**

Во составот на прашањата што го опфаќаат комплексот Топилница и сите загадувања во Велес и Велешко можеме да го третираме и ова барање и јас ги молам предлагачите да го уважат моето претходно образложение и да бидат стрпливи додека не се изготват сите овие информации онака како што доликува пред собранискиот состав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот на пратениците Јован Николов и Милчо Трајков, да крене рака? (31 пратеник).

Констатирам дека предлогот не е усвоен со ова образложение што го даде претставникот на Владата.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владата на Република Македонија предлагаат да се дополни дневниот ред со Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задругите, со Предлог на закон.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (78)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за одликувањата и признанијата на Република Македонија;

2. Предлог на закон за основно образование;

3. Предлог на закон за средно образование;

4. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Холандија за уредување на договорната состојба помеѓу Република

Македонија и Кралството Холандија, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за меѓународен патен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина со Предлог на закон

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за туристичка: соработка, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојно оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за задругите, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за високото образование .

11. Предлог на Резолуција за Дојранското Езеро;

12. Барање за давање автентично толкување на член 49 став 2 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници ("Службен весник на Република Македонија" број 28/90), поднесен од Истражното одделение на Општинскиот суд Скопје II - Скопје;

13. Барање за давање на автентично толкување на член 80 од Законот за процесна постапка ("Службен лист на СФРЈ" број 4/77 и член 1 од Законот за Јавното правобранителство ("Службен весник на СРМ" број 9/77), поднесено од Републичкиот одбор на Синдикатот на

работниците од управата,правосудството, општествените организации и здруженија на граѓаните на Македонија;

14. Барање за давање на автентично толкување на член 11 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 34/92 и 3/93), поднесено од Општественото претпријатие "Максигнал" - Скопје;

15. Барање за давање на автентично толкување на член 14 став 1 точка 3, од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 34/92 и 3/93) поднесено од Претпријатието за внатрешна и надворешна трговија и производство "Бросс-Ко" - Скопје;

16. Барање аз давање на автентично толкување, поднесено од Одделението за девизна инспекција при Министерството за финансии;

17. Барање за давање на автентично толкување на член 42 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" број 36/90), поднесено од АД "Галеб" - Охрид;

18. Барање за давање на автентично толкување на одредбите на член 15 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, поднесено од Окружниот суд Скопје;

19. Барање за давање на автентично толкување на член 60 од Законот за игри на среќа и забавни игри на автомати ("Службен весник на РМ" број 17/87, 26/87, 51/88, 36/89 и 4/93), поднесено од Хотелско угостителското претпријатие АД "Македонијатурист" - Скопје;

20. Барање за давање на автентично толкување на членовите 129 и 130 од Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на РМ" број 31/93 и 78/93) , поднесено од Стопанскиот суд на Македонија;

I/8.-

21. Барање за давање на автентично толкување на член 28 став 1, точка 13 од Законот за царините ("Службен весник на РМ" број 20/93), поднесено од Трговското и надворешно трговското претпријатие "Хромос" ДОО - Скопје;

22. Барање за давање на автентично толкување на член 1 од Законот за висината на стапката на затезната камата ("Службен весник на РМ" број 65/92 и 70/93) , поднесено од Јавното претпријатие "Електростопанство на Македонија" со Ц.О. Скопје, погон РЕК "Битола" - Битола;

23. Барање за давање на автентично толкување на член 24 од Законот за данок на имот ("Службен весник на РМ" број 80/92), поднесено од ГП "Маврово" - Скопје;

24. Барање за давање на автентично толкување на членовите 41, 140 и 152 од Законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација ("Службен лист на СФРЈ" број 84/89), поднесено од АД во мешовита сопственост за производство и промет со обувки и кожна галантерија "Бебика" - Охрид и АД "Илинден" - Охрид;

25. Барање аз давање на автентично толкување на член 113 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ("Службен весник на Република Македонија" број 38/93) поднесено; од Друштвото со ограничена одговорност во мешовита сопственост на трговија, прехрана, експорт-импорт Битола и од Производственото прометно, услужно општествено претпријатие "Славеј" - Прилеп;

26. Барање за давање на автентично толкување на член 12 став 3, 4 и 5 од Законот за сметководство ("Службен весник на Република Македонија" број 42/93), поднесено од "Центарот за економско правен консалтинг" - Скопје;

I/9.-

27. Барање за давање на автентично толкување на член 15 од Законот за данок на промет на производи и услуги ("Службен весник на Република Македонија" број 34/92, 62/92, 3/93 и 4/93), поднесено од "Економски центар - Скопје";

28. Барање за давање на автентично толкување на член 21 став 1, од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 29/92, 4/93 и 29/93) , поднесено од Народната банка на Република Македонија;

29. Барање за давање на автентично толкување на член 54 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93), поднесено од ОУ "Фаик Коница" с.Дебреше - Гостивар;

30. Барање за давање на автентично толкување на член 147 од Законот за насочено образование ("Сл. весник на СРМ" бр.16/85, 2/86, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 10/90, 12/90, 29/90 и 11/91 и "Сл. весник на Република Македонија" бр.40/91 и 14/94), поднесено од Ученичкиот дом "Народен херој "Орде Чопела" - Прилеп;

31. Барање за давање на автентично толкување на членовите 58, 59 и 60 од Законот за општа управна постапка ("Сл. лист на СФРЈ" бр.47/86), поднесено од Центарот за марќетинг трговија, кооперација и услуги "Гранди" - Скопје;

32. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација за згрижување воспитание и образование на деца од предучилишна возраст "Весели цветови" - Делчево;

33. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација "Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алегирски заболувања - Отешево.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, 24-тата седница на Собранието на РМ е прекината кога требаше да се разгледа прашањето за состојбите со откупот, сместувањето и исплатата на пченицата од годинашниот род. Денес ова прашање не е ставено на дневен ред. па го молам претседателот да каже кога планира да ја продолжи оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа прашање е на дневен ред на 24-тата седница на Собранието на РМ и со неа ќе продолжиме после завршувањето и исцрпувањето на дневниот ред на денешната седница.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор г-динот Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Само во две реченици ќе кажам. Досегашната работа на Собранието на РМ ми дава за право да кажам нешто во врска со моето скромно познавање на Деловникот за работа.

Во последно време одделни пратеници излегуваат со предлози за изменување на дневниот ред или барем да биде прва точка на дневниот ред на наредната седница. Деловнички секој пратеник има право да

предложи измена на дневниот ред и должен е да ја образложи итноста на предложената измена, а Собранието е должно да расправа за итноста на предлогот. Мислам дека ние овде не расправаме за итноста туку го поставуваме на гласање предлогот на поединечниот пратеник. Како последица на тоа настануваат работи со кои проблематиката која што е актуелна во дадениот момент не може да дојде на дневен ред на седницата на Собранието, туку се одложува за некои наредни седници и доаѓаме во ситуација кога таа проблематика веќе нема своја актуелност.

Според тоа, го молам претседателот на Собранието оваа деловничка одредба дали е правилно толкувана од моја страна да се стави овде на расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема никаков проблем, ние се придржуваме на таа деловничка одредба. Секогаш кога се во прашање акти ја применуваме деловничката одредба. Овде се информации, за кои треба да се информираат. Ако Владата е спремна дас информира, нормално е, за тоа јас прашуваме Владата.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Бидејќи нема предлози за изменување, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

80 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со оглед на малиот број на одговори на пратенички прашања кој беа поставени на минатата седница, предлагам поставувањето нас пратенички прашања да го одложиме за наредна седница на Собранието.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на **првата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за одликувањата и признанијата на РМ.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Александар Ивановски.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, согласно заклучокот на ова Собрание при донесувањето на Предлогот за донесување на закон за одликувањата и признанијата, јас веднаш пристапив кон изготвување на предлогот на закон.

При изготвувањето на предлогот на законот се раководев и врз основа на мислењата, сугестиите и забелешките дадени од комисиите на Собранието, од Владата, како и укажувањата при претресот на Предлогот за донесување на закон. Ги прифатив тие сугестии, забелешки и предлози и на соодветен начин ги вградив во Предлогот на законот.

II/4

Да ве потсетам дека основните укажувања се состоеја во бројот на ордените, градуирањето или рангирањето на ордените, но и критериумите по кои основ ќе се донесуваат односно доделуваат одликувањата и признанијата. Согласно на тоа, со помош на стручните служби на Собранието, како и на Владата, јас ви предлагам Закон за одликувања и признанија и тоа во Предлогот на законот одликувањата да бидат застапени со ордени и медали и признанија. Јас немам намера да зборувам повеќе од тоа, но во ордените се предложени:

Орден на Републиката, Орден "Илинден 1903- 1944 година", Орден за заслуга за Република Македонија, Орден "8-ми Септември" со лента и ѓердан, Орден заслуга на Република Македонија со златен венец, Орден за заслуга на Република Македонија со сребрен венец, Орден за заслуга за Република Македонија со бронзен венец; Орден за воени заслуги со златен штит, Орден за воени заслуги со сребрен штит, Орден за воени заслуги со бронзен штит, Орден за храброст со златни зраци, Орден за храброст со сребрени зраци, Орден за храброст со бронзени зраци.

Медалите се: Медала за заслуги, Медала за воени заслуги и Медала за храброст.

Признанијата се: Повелба на Република Македонија и Плакета на Република Македонија.

Почитувани пратеници, сметам дека предложените одликувања и признанија ја изразуваат државноста, историјата, традицијата на Република Македонија и со нивното доделување се создава можност за поттикнување на поединци да работат и создаваат дела од општ интерес и значење за целокупниот развој и афирмација на Република Македонија, што заслужуваат посебен респект, општо признание и

истакнување.

Би било нерационално да ја прераскажувам содржината на целиот закон. Мислам дека Законот ги содржи и ги исполнува сите услови за да биде усвоен од Собранието на Република Македонија. Во тоа име, ве молам и да го усвоите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 3 за бришење на став 2, на член 4, за менување на став 1 и 2, на член 6 за додавање на нов став 1, на член 7 за додавање два нови става, на член 10 точка 1, на член 10 за додавање нова точка 4, на член 11 точка 1, на член 11 точка 2, на член 11 точка 3 став 2 ред 2, на член 11 точка 5, на член 11 точка 6, на член 12 за додавање нова точка 4, на член 16 за додавање нов став 2, за додавање нов член 20-а, на член 24 за додавање два нови става и на член 26 став 1, ред 2, со кои предлагачот се согласил и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 11 точка 4, по кој предлагачот на законот не се произнесол.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандмани на член 1, член 4 став 1, член 5 и за додавање нов став 2 на член 5, член 11 точка 1, член 11 точка 2, член 11 точка 6, за менување на член 13 и на член 17 точка 2 и за менување на став 3 по кои предлагачот на законот не се

произнел.

ЗПК поднесе амандмани на член 11 став 1 точка 4, за менување на член 13, на член 26 став 2, и на член 29 став 1 за бришење на алинеја 1 и став 2, со кои се согласил предлагачот на законот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 5 и на член 9 за додавање на нови точки 2-а, 5-а и 6-а, по кои предлагачот на законот не се произнел.

Амандманите од Владата уште не се поделени. Сега ќе се умножат бидејќи пред половина час се добиени.

Бидејќи се однесува на првата точка, се разбира, треба да го имате текстот, јас би дал сега една пауза.

Пратениците треба да ги имаат амандманите пред себе, за да знаат дали на тие амандмани ќе дадат свои амандмани. Тоа е во текстот на Предлогот сега.

Давам половина час пауза.

(Пауза)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

( По паузата седницата продолжи со работа во 15.40 часот.

Бидејќи имаме кворум можеме да продолжиме да работиме.

Во меѓувреме пратеникот Никола Г. Поповски го повлече амандманот на член 5 за додавање на нов став 2 на член 5 и поднесе нов амандман на член 5 по кој не се произнел предлагачот на Законот

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе.

Има збор г-динот Александар Ивановски

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека овој амандман треба да биде прифатен од причини што самиот став 1 на овој член веќе дава можност одликувањата и признавањата да се доделуваат на поединци и на правни лица.

III/2.-

Посебното нагласување на припадниците на МВР нема потреба да стои и да ги става во таква ситуација, затоа што и тие припаѓаат под поединци. доколку остане одредбата поединци и правни лица и единици и установи на вооружените сили и припадници на МВР, се поставува прашањето зошто не се наведат припадници на многу органи, организации и здруженија кои согласно Законот може да добијат одликувања или признанија, а не се наведуваат поединечно Не мислам дека во овој Закон во член 4 став 1 припадниците на МВР треба посебно од сите други индивидуи во оваа држава да бидат истакнати, кога ги опфаќа зборот поединци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (33 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот во новата формулација се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

III/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Молам кој бара збор? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нови точки: 2-а, 5-а и 6-а поднесени од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нови точки 2-а, 5- и 6-а поднесени од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 11 точка 1 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

III/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 точка 2 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Овој амандман има два дела, така да првиот дел се прифаќа, а вториот дел не се прифаќа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ;**

Вториот дел го повлеков.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи првиот дел се прифаќа, а вториот дел е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 точка 4 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11 точка 6 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

На овој член имаше амандмани од два предлагачи. Едниот

амандман беше од ЗПК а другиот од г-динот Никола Поповски.

Јас го прифатив амандманот на ЗПК, така да овој амандман не се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува Г-дин Поповски Амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2 и за менување на став 3 поднесен од пратеникот Никола Г. Поповски.

Го молам предлагачот на Законот да се произнесе. А

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон. Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање,

Кој е за,молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање (3)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за одликување и признанија на Република Македонија.

Минуваме на **<u>втората точка</u>** - <u>Предлогот на закон за основно образование.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

III/6.-

**МЕРСЕЛ БИЉАЧИ:**

Без дилема Предлог законот за основно образование предлага сосема нови квалитети, нови и модерни решенија и тоа не само врз основа на воспитно образовните процеси, туку и организацијата итн. Со повеќе решенија се приклучуваме кон воспитно - образовниот систем на модерниот свет и тоа треба да се поздрави. Тука посебно треба да се спомне изучување на факултативни изборни наставни предмети, комбинирани паралелки, усовршување на самиот кадар и управувањето со установите.

Меѓутоа, тука сум да изнесам некој важни забелешки.

Прво, во врска со усогласеноста на некои определби на овој закон со Уставот на РМ, како прво, и второ, како последица на практична примена на некои определби на овој закон кои можат да произведуваат одредени непожелни последици.

Прво, во Предлогот стои дека основно училиште основа Владата на РМ, со претходно прибавено мислење од единицата на локална самоуправа. Истото важи и за именување и разрешување на директорот на основното училиште.

Како што знаеме основната определба во врска со надлежностите на седницата на локалната самоуправа е многу децидна и предвидува дека граѓаните во единиците на локалната самоуправа непосредно или по пат на свои претставници одлучуваат помеѓу другото, што се над таксативно во Уставот и за прашањата на основното образование. Тука се поставува прашањето дали ова решение е спротивно на Уставот на РМ. Јас не гледам дека во овој Закон граѓаните, навистина во единицата на локалната самоуправа, непосредно или преку свои претставници одлучуваат, освен ако се работи за составот на училишниот одбор. Јас

не гледам дека тие одлучуваат за мрежата на училиштето , јас не гледам дека тие можат во рамките на своите надлежности да вршат надзор, јас не гледам дека тие можат во рамките на своите надлежности да вршат контрола, наравно паралелно со државните органи односно локалните управни органи. Мислам дека тоа е политичко прашање и не сметам дека е тоа вина на Министерството за образование. Мислам дека тоа е генерална политика на Владата на РМ да се маргинализираат единиците на локалната самоуправа и тоа не неуставен начин. Тоа други може да се види од надлежностите кои се дефинирани во Предлог законот за локалната самоуправа каде, фактички, овие органи даваат само мислења, предлози иницијативи итн. а никако да одлучуваат како стои во Уставот на РМ.

Сметам дека, ако Уставниот суд резонира не политички туку со своја глава, резонира правно, сметам дека некои одредби што се нудени тука треба да се поништат. Затоа постои и соодветен амандман кој веројатно ќе биде прифатен или не прифатен.

Второ, се предвидува дека учител, наставник, стручен работник или воспитач може да биде лице кое е државјанин на Република Македонија. И тука мораме да бидеме објективни.

Поаѓајќи од тоа дека, фактички, без нивна вина во РМ има скоро 100 илјади лица со неутврдено државјанство, не по нивна вина, практично тие ако се оди кон стриктно толкување на оваа одредба, тие луѓе треба да се оддалечат од настава, без оглед на тоа што имаат работено толку години во тој процес.

Во повеќе држави постои закон, а ние сме сведоци дека повеќе наши граѓани од Македонија како што имаат државјанство на РМ можат да предаваат во повеќе западно европски училишта и тоа без проблем. Затоа и ние прелагаме како што стои во амандманот да се додаде дека

освен прашањето на државјанството треба да се опфати како алтернатива и можноста на трајното пребивалиште во РМ. Во ЗПК министерот за образование нешто рече дека тоа може да се среди со преодните одредби, меѓутоа јас мислам дека треба или со дополнителен амандман бидејќи со ваква формулација навистина можеме да дојдеме до апсурд.

Трето, во Законот се предвидува можноста доколку во училиштето каде наставата се изведува на јазикот на националностите ако не постои соодветен кадар да може да предава друг кадар кој не го познава јазикот на националноста на кој се изведува наставата и тука практично исто така можеме да дојдеме до апсурд. На пример на некој подрачни училишта каде се во прашање два-три или четири часа, а пример предметот Историја и каде наставата се изведува на турски јазик. Сега според законот нема наставник кој може да изведува таква настава, треба тука да доаѓа предвид или Македонец или Албанец кој ќе ја изведува таа настава. Меѓутоа имаме такви случаеви и тоа повеќе што никој не би отишол во тоа далечно село да предава за 2,3 или 4 часа. и практично директорот нема никакви можности за комбинации а тоа претпоставува дека за тие ученици воопшто не може да се одржи настава по тој предмет. Затоа во амандманот ние дадовме алтернативна можност, прво од такви слуачеви да можат да предаваат и лицата без соодветна квалификација, потоа да се уважи определбата како што е предвидено во Предлог законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

III/9.-

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, мислам дека пред вас стои еден закон мошне интересен за кој навистина треба сите да придонесеме и да предложиме што поконкретни и подобри предлози за едно подобро образование во иднина, заправо за основното образование што помош мислење е основа за една подобра иднина за сите овие генерации.

Имајќи предвид дека пред нас еден мошне важен закон се нудат и нови прилози, уредно би било оваа проблематика да се преиспита посериозно, поконкретно за да може во иднина почитувајќи го тој закон да имаме поздраво образование и подобри резултати.

Предлагачите на овој Предлог закон мислам дека направиле некои чекори, меѓутоа не значи дека овој закон за да биде покомплетен и подециден, за некој работи и не треба да трпи некој промени. Имено во самата содржина во Законот, почнувајќи од член 2.3.6 . 9 и понатаму, има потреба да бидат и некои други формулации кои би ги задоволиле сите тие наши потреби за основно образование.

Почнувајќи од член 9, ми се чини дека никако не можеме да прибереме сили да ги надминеме некои форми кои секогаш го оптоварувале Нашиот човек и нашето образование. Мислам дека сега е времето да надминеме некои работи, конкретно, кога се работи за оптоварување на некои работи што би требало да бидат поотворени подемократски и да не бидат оптоварени по ред други формулации од поранешниот систем.

Во сите тие предлози и формулации на тој Закон мислам дека предлагачот посебно би требал да го дефинира досегашното искуство, не што не би биле добри за спроведување на таа настава.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:** (Продолжение)

И да бидеме појасни, бидејќи во практиката некој работи, конкретно тие што работат во просвета имале проблеми и понатаму мислам дека ако тие не се отстранат пак ќе имаат проблеми.

Еден добар чекор е направен врз некои одредби за основање и престанок на основни училишта. Јас мислам дека предлагачот на законот тука децидно кажува кој е компетентен да ги основа тие училишта и се знае под кои критериуми и кои услови.

Според мое лично мислење би требало, одејќи по тие членови член 32 став 2 каде што се предвидува да има комбинирани паралелки, предлагачот на законот мислам дека ова добро го знае и според моето мислење тоа е мошне интересно. Во времето во кое живееме, мислам не би било ниту практично, ниту потребно и понатаму да постојат комбинирани паралелки, без разлика што тука се кажува дека во вишите одделенија, во некои сегменти сега тој проблем малку е регулиран, меѓутоа во основното до четвртото одделение, мислам и таму ако се продолжи со тие предлози, би требало поинаку да мислиме, бидејќи времето бара едно образование по демократско и поефикасно. На пример ако во една паралелки има комбинирани паралелки со 2, 3 и 4 , замислете колку може да биде ефикасно и колку може да биде ефективна таа настава што ќе се одржува во такви услови во комбинирани паралелки и во која состојба ќе биде наставникот што ја изведува таа настава.

Понатаму мислам дека би требало поинаку и некои форми и распореди во врска со некои норми сега што ги има во цивилизирани земји. Мислам дека таму почнувале од еден критериум кој подоцна е подециден. На пример од 1 до 10 одделение се оди на една форма што е основно образован и се смета така после децата с ориентираат според некои други критериуми и форми на учења.

IV/2.-

Во овој закон исто така се даваат повеќе обврски и задачи на директорот која треба да биде со согласност на Министерството. Тука мислам дека во законот би требало да има промени, освен согласноста што треба да ја има директорот од страна на Министерството за образование, треба поконкретно да се дефинираат некои работи од страна на Педагошкиот завод и од страна на советот на самото училиште кој го избира директорот.

Во овој контекст моето мислење е дека Педагошкиот завод треба да биде во потесна соработка со училиштата. Треба да има поголем број стручњаци, зашто досегашната; пракса покажа дека во некои средини ги нема компетентните што треба да работат во овие насоки тука и во една мерка тие биле спречени и не можеле да ја извршуваат својата задача.

Во петтиот дел од предложениот закон многу кратко се зборува за употребата на учебници и литературата што треба според предлагачот само по предлог на Педагошкиот завод да се употребува. Нема и не се прецизира дека наставникот и ученикот можат да користат и друга соодветна литература за да можат да ги прошират што повеќе своите знаења. Ако пак инсистираме ние на тоа да се употребува тоа само што предлагачот го кажува, таа литература треба да биде предвидена од страна на Заводот и учениците не треба да знаат повеќе од тоа што е предвидено, на пример да читаат литература што не е предвидена со законот. Дали тоа би значело таа литература што ќе ја учи тој ученик и што ќе знае па ќе треба да мине во некоја процедура како што беше и порано.

Во шестиот дел се потенцира конкретно како треба да се води педагошката евиденција и документација, конкретно во членот 75.

Мислам дека овој член треба да се модифицира и да дојде предвид принципот на рамноправност на јазиците, не само вербално туку во оживотворување на наставата и со законско остварување во администрацијата на нашето школство.

Идентитетот на личноста во)документ, ученичка книшка, свидетелство и диплома да се легитимира со неговиот јазик и писмо, а потоа и со јазикот и писмото што се применува на територијата на Република Македонија, со што би дошле до израз остварувањата на уставните определби за основните права и слободи на човекот и граѓанинот на Република Македонија.

Потоа добар дел од овој Предлог на закон му посветува внимание на органите на управувањето, стручните органи, начинот на комуницирањето, надзор над работата во основните училишта итн.

Кај казнените одредби конкретно, директорот се казнува ако употреби учебници што не се одобрени од Педагошкиот завод. Замислите, ако пак почнуваме со тие работи и тргнуваме од тие фрази, директорот ако освен определената литература предвидена до страна на Педагошкиот завод чита и друга литература значи тој пак ќе биде неподобен како што беше и порано. Мислам дека предлагачот на овој закон би требал овие работи да ги отстрани зашто мислам дека во времето во кое живееме не би требало да има такви работи.

Тука исто така може да се каже дека се ниски казните за родителите кои своите деца не ги праќаат редовно на училиште. Законодавецот тука сосема ниски минимални казни, според мое мислење, и наместо ние да имаме еден критериум учениците да бидат редовни, затоа што има места каде што едвај чекаат да не идат на училиште и тука тие казни сме ги намалиле и се толку ниски што секој родител што не сака да го прати своето дете на училиште, во добра мера нема да ги праќаат своите деца зашто се мали казните.

Има и ред други работи во овој закон и јас сум убеден дека со мојата дискусија малку ќе придонесам да се направат промени, знаејќи однапред дека некои критериуми тука се паушално дадени во законот, но би сакал барем тие што се стручњаци и оние што се најодговорни се надлежни за оваа работа да бидат внимателни, зашто и понатаму ќе имаме проблеми со нашето образование кое според мое мислење, е една од најважните работи што треба да се има предвид.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани министри, почитувани колеги, законот за основно образование значи еден чекор напред и јас не би имал што повеќе да дискутирам во општата дискусија само со неколку практични забелешки и сознанија за сите ученици во основното образование од аспект на лекарската професија за која законодавецот требаше да има повеќе осовременување бидејќи тоа најмногу ги погодува најмалите ученици, првачињата кои со голем товар психички и физички тргнуваат на училиште. Основното .образование е задолжително и бесплатно но огромни се трошоците за родителите кои , повеќе од половината се невработени или стечајни работници.

Прво што сакам да нагласам,најголемиот физички товар на основците е што со тешки ранци и долготрајни неправилни седења на столчиња без наслони, па по неколку месеци или аз една година, добиваат деформации на рбетниот стол после што настанува здравствена и естетска промена и долготрајно лекување и со трајни последици.

IV/5.-

Прво што сакам да кажеме што оваа појава има епидемиски карактер во основните училишта и на неа треба да и се посвети поголемо внимание во законот и да се решава овој проблем со вклучување на сите стручни и научни институции и по практично и поедноставно да биде основното образование на сите ученици во Македонија.

Втор проблем се учениците со пречки во психичкиот и физичкиот развој каде што се предвидува со член 5, училиште или паралелки, но тоа во праксата е доста недоречено, неорганизирано и нерпеменето. Како член на Комисија за оценка на вакви ученици, нема ниту во централните ниту во подрачните основни училишта, барем во мојата општина добро организирани паралелки, туку тие се ставаат во посебни клупи, се запоставуваат и се влечат до 4 одделение додека ги води еден наставник а после тоа тие остануваат полуписмени или неписмени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Рамадани.

**ХИСНИ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници. Јас на жалост, не можам да изразам некое задоволство што денеска расправаме за законот засновано образование само со еден факт што расправаме односно донесуваме закон со многу, многу задоцнување, откога имаме еден политички општествен систем, 5 години парламентарна демократија. Затоа се ангажирам денеска многу денеска и да не расправаме за општиот дел односно да не водиме општа расправа по законот, затоа што и многу расправавме. Имавме ние неколку варијанти, дури имавме и прва фаза за донесување на законот.

IV/6.-

Самиот факт што имаме веќе 12 подрачја каде што имаме новиквалитетни решенија во законот. Тоа кажува дека се работи за закон што одговара и на системот и на времето . Но, тоа не значи дека не треба да се интервенира и понатаму со амандмани или со конкретни предлози. Во овој случај можноста ми е само преку амандмани, а јас колку што гледам ги има еден куп и доста многу амандмани, аз секоја област односно за сите тие квалитетни решенија имаме, можеби, верувам и нови квалитетни решенија предложени од самите пратеници.

Тоа што јас овде би го рекол е дека во некои подрачја кои се предложени како квалитетни решенија, исто така, сакам да кажам дека законот овозможува и понатаму овие квалитетни решенија со уредби односно Министерството за образование и физичка култура има простор и начин да интервенира во секојдневната практика, затоа што одиме со нов закон, нов закон во нови услови. Па, затоа велам во одредени подрачја да речеме еве дали ќе има експериментална настава во некое училиште. Мислам дека тука треба Министерството односно Владата да интервенираат, така законот да не прави пречки при такви интервенции, кога се работи за квалитетна настава. имаме ние примери, во овој случај еве само еден пример ќе кажам, мислам дека основното училиште "Лирија" има еден проект - учење на математика и граматика со компјутери односно избегнување на компјутерска настава. сега веќе законот овозможува да интервенира и Министерството и Владата тоа да не биде само експериментална настава туку таа настава веќе да биде затоа што веќе навистина немаме време , кога велиме експериментална настава за компјутерска настава тоа веќе, не чека и треба да се интервенира, а законот мислам дека тоа го овозможува.

Што се однесува до кадарот и учениците добро е што има во вој закон одредби, каде што навистина, има еден почит, еден респект кон

Личноста на ученикот и достоинството на наставникот. Јас навистина, во овој случај, бидејќи гледам тука и како претставници и повереници на Министерството за образование, ќе дадат придонес за да можат при интервенцијата со одредени амандмани од одредени пратеници, да не кажам од мојата пратеничка група, за да може овој закон да добие и во квалитет, а воедно да се применува добро онака како што треба во секојдневието.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам општиот претрес по законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование и наука поднесе амандмани на член 6, член 18 став 3 на член 28 став 2 на член 43 став 3, на член 45 став 2, на член 66 став 6, на член 77 за менување на став 2, на член 78 став 2, на член 8 4 и член 113 за додавање нов став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Бранирод Михајловски, поднесе амандмани на член 66 став 1, на член 113 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Бранирод Михајловски поднесе амандмани на член 4 став 2, на член 6 и на член 30 за додавање нов став 2 и истите ги повлече на седницата на Комисијата за образование и наука.

Пратеникот Кире Видимче, поднесе амандман на член 66 став 2 по кој Владата не се произнела.

IV/8.-

Пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани за менување на член 15, член 18 став 3, член 64 став 2, член 67 став 1, член 67 за бришење на алинеја 3 од став 1 и став 4, член 98 за менување на став 5 и на член 67 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели поднесоа исправка на амандманот на член 67 став 3 .

Пратеникот Кире Видимче поднесе амандмани на член 74 став 2 и на член 62 за додавање нов став 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Бранирод Михајловски поднесе амандман на член 113 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благој Стојковски, Слободан Богдановски, Александар Ивановски, Борис Павлов и Јован Николов поднесоа амандман на член 98 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратеникот Руфи Османи поднесе амандман на член 8 за додавање нов став 4, член 10, член 67 став 2, член 67 за бришење на став 3 и на член 98 став 5 .

Пратеникот Персида Малинска поднесе амандмани на член 74 став 1,2 и 3, за бришење на став 4, на став 5 и за менување на член 75.

Пратениците Хисни Шакири и Рами Туда поднесоа амандмани на член 8 за додавање нов став 4, член 67 за бришење на став 4 и на член 81 за менување на став 2.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ: (**продолжение)

Пратениците Рами Туда, Руфи Османи, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сали Рамадани поднесоа амандман на член 3 8 став 1.

Пратениците Слободан Најдовски и Славе Наумовски и Персида Малинска поднесоа амандман на член 66 став 1.

Пратениците Мерсел Биљали и Абдуљади Вејсели поднесоа амандман на член 116.

Пратениците Абдураув Пруси, Назми Малиќи и Газменд Ајдерага поднесоа амандман на член 13 за менуваше на став 2.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандман на член 6 0 став 4 и на член 99 став 2 за додавање нова алинеја по алинејата 5.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандмани на член 20 став 2 член 31 став 2 член 34 став 2 член 38, член 45 став 1 и 2 член 51, член 52 за додаваше нов став 2, член 54, член 64, став 1, член 66 став 3, член 70 став 1, член 72 за додавање нов став по ставот 4, член 74 став 2, член 76 став 1, и на член 112 алинеја 10 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Бранко Арсовски и Симеон Наумовски поднесоа амандман на член 118 а пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман за бришење на член 56 на член 66 став 1 на член 70 став 1, и на член 71 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славе Наумовски поднесе амандмани за менуваше на член 5 и на член 66 став 1 и за додавање нов став по ставот 4.

Пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандмани на член 38 за додавање нов став, член 67 став 1 алинеја 4, член 67 за бришење на став 3 и на членот 81 став 1 и за бришење на ставот. 2 по кои Владата не се произнела.

V/2

Пратениците Славе Наумовски, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Петар Талинциовски, Кире Видимче, Персида Малинска, Марјан Котлар, Симеон Наумовски и Зоран Шапуриќ поднесоа амандман на член 24 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандман на член 7 0 став 2 по кој Владата не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 49 став 2, на член 70 став 1, на член 85, на член 95 на член 108 за менување на став 1 на член 112 став 1 на член 114 став 2, на член 115 и за додавање нов член 116-а со кои се согласи претставникот на Владата и истиот е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратеникот Славе Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа. Би сакала да ја искористам можноста бидејќи немав можност да дадам воведно излагање пред амандманската расправа, но и во врска со овој амандман едно покусо образложение.

Имено образложението што го дава предлагачот на амандманот сосема држи и ние се согласуваме со него со тоа што воопшто не мислиме дека во законот не е третирано на практично еднаков начин на кој е и интенцијата на предлагачот на амандманот.

Ова се случува и со барање за внесување промени во друга една група на институции, кои само навидум не се третирани во законот, неоснован страв и неосновано сомнение дека тие немаат законска основа и дека ќе исчезнат или дека некој не сака да им даде доволно значење. Сите овие институции имаат законска основа, сите овие

категории на деца се третирани на соодветен начин вклучувајќи го и ова, меѓутоа нашата идеа е токму заради подобрување на квалитетот сето ова да го регулираме понатаму со подзаконски акти.

За да не давам образложение, бидејќи има во иста насока повеќе амандмани кои се однесуваат на овој проблем, искористив можност за овој амандман да дадам едно кратко образложение зошто не се прифаќа.

(со седницата продолжи да раководи г-динот Стојан Андов претседател на Собранието на РМ)

**СТОЈАН АНДОВ;**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 5 поднесен од пратеникот Славе Наумов.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 4 поднесен од пратениците Хисни Шаќири и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за

додавање нов став 4 поднесен од пратениците Хисни Шакири и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на членот 8 за додавање нов став 4 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само накратко ќе изнесам некои размислувања зошто го предложив овој амандман. Имено, општо е позната практиката во светот, а особено во некои држави кои култивираат меѓуетнички и меѓујазично толерирање да меѓусебно ги изучуваат јазиците, да кажеме во тие средини во кои живеат. Таква практика постои и во Словенија во однос на Унгарскиот јазик постои постои и во хрватскиот јазик во однос на унгарскиот јазик, таква практика постои и во некои други западни земји. А јас мислам дека ние таква практика имавме и во поранешна Југославија кога во Македонија се изучуваше српско - хрватскиот јазик како факултативен јазик.

Значи, што е поентата. Поентата е што јас вика дека ви го остварил овој амандман е да во мешаните населби меѓусебно познавајќи го јазикот на соседот и на оној со кого живеете така ќе дадеме еден допринос во меѓусебното комуницирање и разбирање. Значи, суштината е многу хумана и многу далековидна.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Воопшто не спориме со хуманоста на оваа идеја и никаде во законот не постои законска пречка учениците кои живеат во мешовити

средини, па и оние што не живеат во мешовити средини имаат можност да изучуваат и еден од јазиците на националностите. Тоа е оставено да биде регулирано со плановите и со програмите. Праксата навистина покажува дека е практично познавањето на овој јазик , меѓутоа нема потреба да биде предмет на овој закон . Тоа е предмет на програмите и овој закон не го оневозможува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нов став 4 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од исти причини. Никаде во законот не е спречено на било кој граѓанин од РМ кој се школува во странство да побара и да му биде овозможено организирање на ставата во соодветната земја на својот јазик. Друго е тоа што практиката покажува сега дали сме имале барања од страна на националностите, меѓутоа со овој закон тоа не е исклучено. Овој закон важи за сите граѓани без оглед на националности и се подразбира дека уживателите на тие права на својот мајчин јазик имаат можност за ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Руфи Османи. .

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 2 поднесен од пратениците Абдурауф Пруси, Назми Малиќи и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа, бидејќи верската поука не е дел образовниот систем во РМ.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 за менување на став 2 поднесен од пратениците Абдурауф Пруси, Назми Малиќи и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 15 поднесен од пратениците Мерсел Билали и Аблади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

V/7

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 15 поднесен од Мерсел Билали и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 3 поднесен од пратениците Мерсел Билали и Абдуљади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој бара збор:

Има збор г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и почитувани претставници на Владата.

Со амандманот на став 2 , на член 20 целта е да се дефинира точно бројката, минималниот број на ученици при формирање на подрачно училиште - основно училиште од аспект што при едан ваква економска ситуација потполно е неоправдано овој број да биде релевантен што значи дава простор со еден или со два ученика такво училиште да постои. Затоа сметам дека треба да се прифати амандманот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Симоска.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

При предлагање на амандмани, има и слични амандмани на овој мораме да ги имаме во вид спецификите на нашата држава. Овој закон е правен за нашата држава каде имаме подрачни паралелки со шест ученика и никој нема право да им го одземе правото на тие ученици кои не по своја вина живеат во такви подрачја и во такви предели каде не е можно ниту со превоз ниту на било на кој друг начин да се организира настава. Се согласувам со вас дека 20 би било оптимален број под претпоставка да можеме транспортот и поврзаноста и комуникациите со сите подрачја во Македонија да го решиме на начин на кој тој е решен во земји каде што се практикува 20 ученика минимум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

V/9

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 поднесен од пратениците Славе Наумовски, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Слобода Даневски, Петер Каланциевски, Кире Видимче, Персида Малинска Марјан Котлар, Симон Наумоски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа. Причина за тоа е што предлогот не може да биде предмет на закон. Предлогот што е даден овде е предмет на наставните планови и програми без оглед на тоа дали се согласуваме со потребата од задолжително изучување на англискиот јазик ние неможеме во закон за основно образование да дадеме предимство на ниту еден од странските светски јазици за сметка на другите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 1 поднесен од пратениците Славе Наумовски, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Петер Таламџиевски, Кире Видимче, Персида Малинска, Марјан Котлар, Симон Наумоски и Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од исти причини од кои и бројот на

учениците во паралелките не може да се прифати. Сто дена инаку за појаснување. Тоа е скратена програма која е минимална и според мислење на Педагошкиот завод доволно е за да може да се заврши учебната година во истите овие подрачја каде е невозможно да се одржат сите училишни денови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Соколовски

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Мислам дека со овој амандман се имаше цел реално да се покаже навистина колку е потребно работни денови да се заврши една школска година. Овој случај како што законот предлага се овозможува за едно полугодие да се завршат две полугодија, практично од вкупно 180-те работни денови да е можно со скоро половина, значи со 55% да се заврши целата школска година. Навистина не ми е јасно како ќе се организира таа настава, кој квалитет ќе го има и дали е можно со таков низок процент на работни денови да се предаде материјалот односно да се добие квалитет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Симоска.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Чисто за информација на г-динот Соколовски. Постои само едно училиште кое што наставата мора да ја одржува, можеби ќе бидат две во наредната година, меѓутоа не можеме да ги исклучиме од системот на школување со закон. Инаку, квалитетот е несомнено помал од оној што би се обезбедил за комплетниот фонд на часови, меѓутоа според мислењето на стручното тело е доволен за да може да се заврши годината.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас можам да прифатам едно вакво толкување доколку случаите се на принципи. Меѓутоа во случајот бидејќи се прави закон, не би смеело случајните единки што се присутни во случајов да бидат принцип за поставување на некое законско правило.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од исти причини како и претходниот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 38 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38 за додавање нов став поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 за додавање нов став поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 1 поднесен од пратениците Рами Туда, Руфи Османи, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 став 1 поднесен од пратениците Рами Туда, Руфи Османи, Хисни Шаќири, Зекир Кадриу и Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од причини што постојат единици каде имаме една подрачна единица а повеќе реони. Не е можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван претседателе, ова е една процедурална интервенција Членот 12 е прескокнат при читањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оние амандмани што се дадени во текот на седницата на крајот ќе ги поминеме. Прво овие што биле веќе регистрирани на комисиите.

Има збор г-дин Соколовски.

VI/4.-

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници целта на овој амандман беше зборот "реон" како терминолошки израз е веќе надминат, дури веќе не се спомнува и во Предлогот на законот за  локална самоуправа. Не би било логично бидејќи таков термин нема да постои како реон,-да  се  стави  во  закон што ќе биде актуелен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН НАДОВ:**

Има збор г-дин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, амандманот 51, ќе видите подоцна е во корелација со членот 52 и членот 54. Практично со овие амандмани целта е да се воведе нов квалитет во нашето школство, почнувајќи од основното образование. Имено, тоа што постои во Западна Европа, во развиени цивилизирани земји Шведска, Германија, Данска, Англија итн. каде што принципот на оценување се одбегнува да биде бројчан туку е

описен , сметам дека би било добро од I до IV одделение да се воведе описен начин на воведување по предмети за да можат тие деца кои почнуваат и стартуваат во системот на образованието да сфатат дека треба да се борат за знаење а не за добивање бојчана оценка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 51 став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 52 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 52 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 5 4 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Г-динот Соколовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 56 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 56 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 4 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 60 став 4 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

VI/7.-

Отворам претрес по амандманот на член 62 за додавање нов став 5 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Точката 62 од Предлогот на законот предвидува можност за обжалување на одредени оценки доколку ученикот или старателот не е задоволен од таа оценка. Постапката за обжалување оди понатаму пред комисија што го проверува знаењето.

Во став 3 од членот 62 стои дека Комисијата се состои од претседател и двајца членови, со тоа што претседателот на Комисијата по правило е раководителот на паралелката. Останатите членови се наставници во дотичното училиште.

Последниот став од членот 62 дава можност наставникот, доколку е тој наставник што ја дава оценката против која оценка има приговор е член на таа Комисија, наставничкиот совет да има шанса да го изземе од Комисијата.

Со амандманов што јас го предлагам се додава уште еден став со кој се дава можност доколку и класниот раководител кој по клуч е член и претседател на Комисијата, а истовремено знаеме дека тие предаваат и предмети доколку неговата оценка е обжалена, да може наставничкиот совет да го изземе од Комисијата и на негово место да постави друг класен раководител. Фактички ова претставува пресликување на ставот 4 од истиот член, со можност да се дополни членот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62 за додавање нов став 5 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 2 поднесен од пратениците Месел Биљали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи зборот кој што се предлага во"секој вид"е содржан во зборот "телесно", нема исклучок

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

VI/9.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 64 став 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 1 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Пратеникот Бранирод Михајловски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 6 став 1 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Славе Наумовски и Персида Малинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи зборот "дефектолог" го содржи и зборот"логопед" во себе. Според тоа нема потреба да се додава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Најдовски бара збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа. Овој амандман што го поднесовме ние тројца пратеници потпишани, инаку и господинот Бранирод Михајловски оти и тој имаше поднесено сличен амандман, но се усогласивме заради терминолошки во текстот да се вклопи и заради тоа е тој повлечен иначе е ист или сличен амандман.

Мислам дека целта на овој амандман е да се овозможи создавање на стручни тимови во основните училишта, пред се при прием на деца во прво одделение односно она што сега се случува кога децата одат на разговори со психолог, педагог и други претставници од училиштето. Како подносители на овој амандман се залагаме задолжителен да има и логопед.

Ќе го образложам со следново, ако со Законот со кој што е изнесено сега дека во стручните работници е наведен дефектолог, тогаш тоа опфаќа еден широк поим кој прво отвора еден широк простор за манипулација при прием на вработени во училиште односно дефектолозите од различни струки ќе им се овозможи на училиштата да примаат без да ја исполнат оваа задача што ја предлагаме со прифаќањето на стручњак логопед.

Имено пред се сметаме и врз основа на оние консултации што ги имавме со луѓето од оваа струка, морам да кажам дека станува збор за стручњаци кои што пред се работат со лица кои имаат пречки во орално вербалната комуникација односно говорот, како и пречки во пишувањето и читањето. Сметаме дека е од посебна важност, а се работи за деца со нормална интелигенција, сега сметаме дека е многу важно ова да се прифати затоа што сега многу често имаме случаи заради отсуство на овакви стручњаци во училиштето и деца кои се со нормална интелигенција а кои во прво или второ одделение ќе имаат одредени проблеми во говорот или недоволно ќе се снајдат во читањето или пишувањето се отстрануваат и се пуштаат во некои специјализирани училишта

Понатаму, уште еден факт би навел во поткрепа на овој амандман. Во нашава Република уште пред 14-15 години се увиде потребата од овакви стручњаци и потребата од овакви лица во училиштата. Нашата Република стипендираше скоро сите студенти кои што студираа на дефектологија на овој смер се стипендирани од Република Македонија, се почувствувала потреба од овакви стручњаци и сега после овој период ние ги изземаме.

На крајот би го поткрепил и со тоа што скоро не постои земја во Европа каде што нема овакви лица вработени во училиштата а и некои новоформирани држави од составот на поранешна Југославија, како Словенија и Хрватска веќе во своите закони ова го вградија.

**СЛОБОДАН НАЈДОСКИ:**

Прво, не сум сигурен дали имаме кворум, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ние стално следиме имаме кворум во салата, јас сум надлежен да го утврдувам, одиме на поединечно гласање:

ИГОР СПИРОВСКИ: (Прилог)

VII/2

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА | не е тука |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | против |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | не е тука |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | не е тука |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | воздржан |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | против |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | не е тука |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | воздржан |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | за |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | воздржан |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | не е тука |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | воздржан |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | не е тука |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | против |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

VII/3

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСЛВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | воздржан |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | против |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | воздржан |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОСКИ | не е тука |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | не е тука |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | не е тука |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | за |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | не е тука |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | не е тука |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРЛВСКА | против |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | за |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | воздржан |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | воздржан |
| 51. РИСТО МАСЕВ | против |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | не е тука |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | против |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | воздржана |
| 57. БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ | за |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | не е тука |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | не е тука |

VII/4

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | воздржан |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | воздржан |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | не е тука |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | воздржан |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | не е тука |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | против |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | за |
| 77. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 79. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | не е тука |
| 81. АБДУРАУФ ПРУСИ | за |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. САЛИ РАМАДАНИ | за |
| 84. ХИСЕН РАМАДАНИ | не е тука |
| 85. МИТКО РИСТЕВСКИ | не е тука |
| 86. НАНО РУЖИН | за |
| 87. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | не е тука |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | воздржан |
| 89. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 90. КИРИЛ СПАСОВСКИ | против |
| 91. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | воздржан |
| 92. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 94. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 95. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |

VII/5

| | |
|---|---|
| 97. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | воздржан |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМИЏИОВСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | не е тука |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ | против |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | за |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | не е тука |
| 108. ДИМИТЛР ТРПЕНОСКИ | за |
| 109. РАМИ ТУДА | за |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | не е тука |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | за |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | не е тука |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | не е тука |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

Дали има некој што не гласал? (Нема).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 70 пратеници, од кои за гласале 29, против 15 а воздржани 26.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 66 став 1 поднесен од пратениците Слободан Најдовски, Славе Наумовски и Персида Малинска.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 1, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи во овој член е наведен само водот на работникот, значи не стои дипломиран за никого, се подразбира тоа. Во членот 24 е регулирано, таму се вели дека со наставните програми и планови и со нормативите што се, се утврдува степенот. Значи, со тие подзаконски акти ќе се утврди степенот, овде само видот значи социјален работник, а не дипломиран.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Морам да го објаснам овој амандман. Мислам дека тоа е суштината. Официјален работник значи виша школска подготовка, а дипломи- ран социјален работник кој добива диплома на Институтот за социјална политика и во таа смисла, условно зборувам сега, значи тоа е степен првиот степен е со виша, а вториот она што значи VII степен.

Во смисла да се распише оглас практично дипломираниот социјален работник тој е интередисциплинарен и рамноправен на педагог психолог и други кои можат рамноправно да опсервираат, да проучуваат, не му се дава право да влезе во основното училиште и јас тука апелирам онаа диплома што ја добива на Институтот, тоа

претставува дипломиран социјален работник рамноправен на педагог, психолог итн. интердисциплинарност и опсервацијата подеднакво во стручноста зборувам. Јас не зборувам сега социјален работник, социјалниот работник има диплома која се однесува исклучиво на вишо образование. Земете ги сите дипломи на ниво на Републиката, па и во Бивша Југославија што беше Сараево, Загреб и не знам каде така стои, сега на сите факултети кои прераснаа во факултет тоа се дипломирани и така носи називот. Тука е професорот Нано Ружин, тој може да го докажи тоа на кој начин треба тука да го сместиме тоа, да не направиме еден прост апсурд да доведеме во ситуација посовремена опсервација да ја гледаме низ вишо образование, а да го испуштиме дипломираниот социјален работник. Тоа е тоа, а ваше право е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (32)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 66, став 1 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Имаме кворум и можеме да работиме.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 1, за додавање нов став по ставот 4, поднесен од пратеникот Славе Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од истите причини, жал ми е што не се разбравме со предлагачите на овој амандман и на претходниот

амандман во врска со употребата на зборот "логопед". Никаде во Законот не постои интенција логопедите да се исфрлат од училиштата, како што беше неосновано споменато во образлагањето на претходниот ист ваков амандман, туку напротив да се отплатат сите можни струки што спаѓаат во категоријата дефектолог и логопедите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 66 став 1 и за додавање нов став по ставот 4, поднесен од претенкиот Славе Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 2, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Емилија Симоска.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Овој амандман не се прифаќа затоа би сакала едно кусо образложение зошто е употребен терминот "педагошки факултети". Министерството за образование донесе одлука за прераснување на педагошките академии во педагошки факултети општо. Факултетот во Битола се одлучи на овој назив кој го именува господинот Видимче тоа е факултет за учители, што не значи дека другите академии ќе сакаат да го прифатат истиот назив, но сите тие заедно се педагошки факултети. Ние само степенот го утврдуваме, а називот поединечно на секое училиште не.

VII/9

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Да бидам искрен не очекував дека ќе има потреба од мое излегување очекував дека амандманот глатко ќе биде прифатен од следните причини:

Имено, со решение од 6 јуни 199 5 година под број 12 точка 1639/2 издадено од Министерството за образование,потпишано лично од министерката Вишата педагошка школа т.е. Академија во Битола прераснува во Факултет за учители и воспитувачи.

Понатаму во текстот стои, што како и каде ќе работи односно ќе образува кадри за одделенска настава од I до IV одделение во основно училиште, ќе има осум семестари и јасно стои искажаната потреба за постоење на ваква високообразовна институција во нашата држава. Но, за жал во Предлогот на законот во членот 66 став 2 стои покрај другите потребни образованија Педагошки факултет. Ве молам проблемот е во следното. Во фаза на усвојување, а можеби е усвоено педагошките академии во Скопје да прераснат во Педагошки факултет, тоа веќе не е насока на Факултет, туку име на факултетот, тоа е Педагошки факултет под име. Сега испаѓа дека останува овде сместен само Педагошкиот факултет, не пишува Факултет од обласста на педагогијата, туку пишува Педагошки факултет тоа е веќе име кое го добива новиот факултет во Скопје Испаѓа дека Факултетот основан во Битола на 6 јуни 1995 година тоа значи пред три месеци од истото Министерство на некој начин во овој закон повеќе го нема. Можеби грешно се разбираме, можеби јас грешно разбирам, можеби и Министерството погрешно разбира, но сепак или треба членот 66 да претрпи измена и таму да стои факултети

од педагошка насока или треба Педагошкиот факултет под тоа име како што стои и како ќе се формира да стои, но да стои и Факултетот за учители и воспитувачи кој е веќе формиран со решение на Министерството. Мислам дека со потполно оправдување барам овој амандман да се усвои со желба решението кое пред три месеци е донесено да не стане ад-акта.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Господине Видимче не се разбираме. Не се педагошки факултети овие во Скопје и Штип кои ќе прераснат. Тие ќе бидат педагошки факултети за едукација на кадри, има три вида име. Сите тие заедно плус оние кои ќе се формираат во иднина носат заеднички назив педагошки факултети, за да бидат разликувани од институтите, катедрите за педагогија. Воопшто не е исклучена битолската академија која прва, се разбира, со мој потпис беше прерасната во тоа. Нема никаква дилема во однос на тоа. Не е тоа наслов на Скопската педагошка академија која прерасна во Факултет поинаков е називот. Ова е општ именител за сите факултети.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 66 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 3, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Емилија Симоска.

Јас мислам дека ќе наиде на поддршка кај останатите пратеници заради допрецизирање на законот би ве замолил да го прифатиме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (25 пратеници)

Констатирам дека Собранието...

Збор бара г-дин Најдовски.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од причина што се работи за исклучок, кој е повторно нормиран со оние нормативи и критериуми што ги имаме во рамките на наставните планови и програми. Не можеме како правило да го ставиме, да изедначиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Некако се разбравме, додавам ако може на лице место додавка "по исклучок" на амандманот, значи "по исклучок" и продолжение на амандманот. Верувам дека сега ќе се прифати.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Во оваа форма се прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 1, поднесен од пратениците Мерсел Билали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

6 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 став 1 поднесен од пратениците Мерсел Биљали- и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 67 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

4 пратеника гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 67 за бришење на алинеја 3 од став 1 и став 4 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

4 пратеника гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 за бришење на алинеја 3 од став 1 и став 4 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 1 алинеја 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

11 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 став 1 алине{ја 4 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 67 за бришење на став 3 поднесен од пратеникот Руфи Османи и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

10 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Руфи Османи и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 3, поднесен од пратениците Мерсел Билали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

(Пратеникот од место вели дека го повлекува амандманот) .

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам преатрес по амандманот на член 67 за бришење на став 4 поднесен од пратениците Хисни Шакири и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

8 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 за бришење на став 4 поднесен од пратениците Хисни Шакири и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 1, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

Јас ги молам пратениците да останат во салата да го завршиме овој закон, да имаме кворум.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со овој амандман целта беше во делот на предност на наставници кои би имале предност при вработувањето, освен наставниците кои работат во селски средини, да имаат предност и наставници кои покажале одредени резултати во својата работа, што значи дека при објавување на конкурси во основните училишта треба да се стават во исто рамниште и овие наставници кои работеле во селски средини и наставници кои постигнале одредени резултати во својата воспитно - образовна дејност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-ѓа Симовска, претставник на Владата.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Едно образложение. На ЗПК ние прифативме една интервенција, можеби не сте ја забележале, во вториот став, каде што со посебни прописи кои ги утврдува министерот се регулира и ова прашање. За тоа не е прифатен амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш се повлекува ли амандманот?

Пратеникот го повлекува амандманот, задоволен е од образложението.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 1, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од истите причини. Предлагачите на амандманот нека ја погледаат интервенцијата која е направена, која е влезена во записникот на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекува амандманот и г-динот Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 2, поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа и требаше да биде влезен записникот на ЗПК. Тој е составен дел на текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 71 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека коректно е да се бориме, па што ќе излезе тоа е.

Во член 71, што размислував јас во таа смисла? Бидејќи тука велиме дека директорот има големи ингеренции со членот 98 и 99, и во однос на организацијата на управувањето, а директорот е зависен исклучиво од Министерството, значи Министерството го назначува директорот, директорот е одговорен и мислам да не правиме конфузија и конфликти меѓу Одборот и директорот во врска со приемот на било кој работник, јас се определив тежината да ја пренесам исклучиво на директорот, заради тоа тој да биде ангажиран до крај, да може да ја реализира квалитетно програмата, за да не дојде во позиција министерот да го менува директорот. Во таа смисла мислам да не оди работникот од училишниот одбор, па да ги собираме родителите, тројца, па другите двајца од државата, па тројца наставници, па тие сега да предложат, а во меѓувреме директорот да се спротивстави на тој прием и доаѓа до еден сериозен конфликт и почнува да се пренесува -а директоре, а управниот

одбор, а странката. Јас се определив исклучиво неговата одговорност да се пренесе кај директорот, едноставно бидејќи е како менаџер, тој е одговорен за целокупната организација на работата и квалитетот. Не работи, го менуваме директорот. Тоа е мојата суштина. Дали ќе го прифатите, ваш проблем. Меѓутоа, гласно размислувам и направив анализа, практичната ситуација на теренот така говори. Јас тврдам дека најголемите конфликти ги има токму тука - во приемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

28 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 71 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 1, 2 и 3 за бришење на став 4 и на став 5 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа и би сакала да дадам образложение, бидејќи има неколку амандмани во оваа насока.

Прифаќањето на ваков амандман би преставувало измена во најосновната концепција на овој закон, а тоа е изнаоѓањето на средства за подобрување на квалитетот на наставниот кадар и како едно од

основните средства во оваа насока е предвидено токму оценувањето на наставниците секоја втора година и можноста да го загубат дури и своето работно место доколку двапати едно по друго не добијат соодветна оценка. Доколку би го замениле сето ова, бидејќи во иста насока и понатаму продолжува вашиот амандман, практично ја уриваме целата концепција за било какви стимулативни мерки по однос на подобрувањето на квалитетот на наставниот кадар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-ѓа Персида Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, интенцијата на овие два амандмани е вреднувањето на просветните работници, не оценувањето, односно вреднување на нивната работа како стимуланс за натамошно стручно усовршување и добивање соодветно звање, пропишано секако од министерот, но не и престанок на работниот однос кој се регулира со соодветни акти и со Законот за работни односи. Мислам дека ова е преостра мерка за престанок на работниот однос, дали е тоа воспитувач, учител, наставник или стручен соработник, со еден збор просветен работник. Сите ние, знаејќи ја нивната улога во државата како едукатори, на највунерабилните популации, популациони групи кои се создавачи на една наша идна интелигенција и промотори на сите сфери на живеењето, мислам дека преку комисија која што е составена од директор, од стручен соработник и советник од Педагошкиот завод да се оценуваат со незадоволителна оценка со која ќе му престане работниот однос јас не се согласувам. Инаку, сите знаеме за регулирањето на работниот однос и при приемот и текот на работата и престанокот, што фактички е регулирано со Законот за работни односи. Мислам дека има логика овој амандман да се прифати од таа гледна

точка, бидејќи по некогаш стручноста ги надминува и ставовите и определбите на многу поединци. Инаку, и за овој закон и за законот за средното образование сите забелешки и предлози беа внесени во законот, така што мора да постои една соработка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

15 пратеници гласаа "за"

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 74 став 1, 2 и 3, за бришење на став 4 и на став 5 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 2 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Во амандманот кој што е предложен од г-динот Кире Видимче има три става - првиот го прифаќаме, другите не ги прифаќаме.Вие предовте

на друг веднаш. Тоа би значело дека се подразбира оти другите два се прифатени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вака: вие го прифативте амандманот на член 74 став 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Да, првиот став, има три става овој амандман, првиот го прифаќаме, а другите не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ја утврдиме состојбата во вашиот амандман г-дине Видимче. Првиот став на амандманот само се прифаќа, а другите два дали ги повлекувате? (не)

Тогаш да одиме на изјаснување. Значи, амандманот сега се однесува само со своите два последни става.

Има збор г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Морам да признам дека денес по втор пат се изненадив. Првиот пат нидејќи не беше прифатен амандманот, а пред малку од тоа што го прифатија амандманот, но испадна дека второто изненадување беше залудно.

Во овој амандман идејата е да се воспостави можност и ние сите како родители да имаме можност да учествуваме, на некој начин во оценувањето на наставниците. Со оглед на тоа дека министерката пред малку лично изјави дека еден од основните постулати на законот е да се воведе можност за оценување и реоценување на наставниците, со крајна санкција и исклучување од работен однос. Во член 74 Комисијата кога ќе се врши оценување се предлага да учествуваат директорот, стручен работник на училиштето и советник од Педагошкиот завод на Република Македонија. Без коментар сите тројца предложени во секој случај се компетентни и стручни да оценуваат, односно да одлучуваат за одредени проблематики, за стручниот дел на наставата, за педагогијата и слично. Но, јас би прашал што станува со делот на воспитниот амбиент во школото, бидејќи, сепак сите школи ги викаме образовно воспитни установи. За образованието сите тројца претставници што се предложени се апсолутно компетентни. но за воспитувањето мислам и убеден сум во тоа, мислам и вие ќе се убедите во тоа дека родителите се најкомпетентни да одлучат дали наставниците ги исполнуваат нормативите за воспитувањето, бидејќи не броени се случаи кога се јавуваат разни девијации во нивното однесување на часови.

Идејата на амандманот беше, еден од претставниците на родителите во училишниот одбор и еден од претставниците на основачот во училишниот одбор, исто така да учествуваат во комисијата кога ќе врши оценка, со цел да дадат свој придонес во вториот сегмент од дејствувањето на наставниците, т.е. воспитувањето.

IX/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот во овој текст што останува после прифаќањето од првиот пат.

Како таков амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници) .

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 74 став 2, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Сега се враќаме на еден амандман за кој со право господинот Соколовски укажа.

Отворам претрес на амандманот на член 72 каде се предлага додатен став по ставот 4, од пратеникот Владимир Соколовски.

По овој амандман Владата не се произнела.

Има збор министерот за образование, г-ѓа Симовска.

Овој амандман не се прифаќа бидејќи ставот 5 ги содржи одредбите што ги предлагате. Според тоа не би се изменило ништо.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Бидејќи улогата на менторот е секако битна во одлука на наставниците почетници, сметам дека со ставот 5, со поблиските прописи и начинот и постапката, ваквите прописи досега барем не се доставени, од аспект на материјален стимуланс и временски стимуланс на тие луѓе што ја вршат таа обука како ментори во обуката на наставници почетници. Затоа сметам дека како додаток требаше да биде внесен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 72 после ставот 4 да се додаде нов став кој го поднесе пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 7 4 став 2, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи во училишниот одбор членуваат и лица кои не се компетентни за давање и стручна оценка, она што беше случајот со претходниот амандман. Ниту родителот ниту претставник од основачот може да даде стручна оцена за квалитетот на наставникот во образовната дејност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Мислам дека составот на комисијата е и те како битен за процена на способноста на наставникот посебно што после две негативни оцени тој автоматски ја губи својата работа. Во случајов комисијата брои три члена. Тоа се два члена, директорот, стручниот работник што исто така е прашање дали е стручен да проценува одредени знаења на некои наставници и второ, како надворешно лице, односно трето лице е од Педагошкиот завод.

Сметав дека за да се воспостави некој пореален однос на процена на знаењето треба да се вклучи и член од училишниот одбор кој може да биде исто така стручен, бидејќи во тој училиштен одбор членуваат и надворешни лица кои веројатно, според проблематиката на наставникот што се проценува може да имаат некакви сродности и сличности.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 74 став 2, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за додавање нов став по ставот 4, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Еве сега ме известија дека амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 75 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа. Образложение претходно дадов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

IX/5.-

Пратеникот Малинска го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 6 став 1, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 1 и за бришење на ставот 2, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 81 став 1 и за бришење на ставот 2, поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 81, за менување на став 2, поднесен од пратениците: Хисни Шаќири и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

Образложението кое е дадено, бидејќи два или три амандмани се во иста насока не би држело, дека на овој начин не се почитува јазичниот идентитет на националностите, напротив во овој член е многу јасно токму тоа е потенцирано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 81 за менување на став 2, поднесен од пратениците Хисни Шаќири и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 98 за менување на став 2, поднесен од пратениците Благој Стојковски, Слободан Богдановски, Александар Ивановски, Борис Павлов и Јован Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 98 за менување став 5, поднесен од пратениците Мерсил Биљали и Абдуљади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа, бидејќи единицата на локалната самоуправа никако не може да го замени ресорот на образованието во однос на изборот на директор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 98 за менување на став 5, поднесен од пратениците Мерсил Биљали и Абдуљади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 5, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа. Совет на општината уште не постои, нема донесено закон кој го утврдува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 98 став 5, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 99 став 2 за додавање нова алинеја по алинејата 5, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи е предмет на законот за работни односи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 99 став 2 за додавање нова алинеја по алинејата 5, поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Отворам претрес по амандманот на член 112 алинеја 10, поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Пратеникот Владимир Соколовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 113 став 1, поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 113 став 1, поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Отворам претрес по амандманот на член 113 став 1, поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

На почетокот кога ги разгледувавме првите членови од законот ми се чини за член 5 и член 7 имаше амандмани. Едно од образложенијата беше дека тие организации продолжуваат со работа и дека не треба да постои опасност, се мисли на балетските училишта, училиштето за хендикепирани деца и за возрасни, од нивно понатамошно егзистирање. Овој амандман кој го предлагам е една потврда на тоа дека еве и во член 113 ќе влезе тоа уверување дека овие институции понатаму нема да престанат со постоење. Формулацијата гласи: "и други установи за основно образование". Се мисли на сите оние институции во член 5, 6 и 7 од законот што денес го разгледуваме. Тоа се музичко - балетските основни училишта, училиштата за образование на возрасни и училиштата за хендикепирани, односно деца со пречки во психичкиот, односно физичкиот развој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг на бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

IX/10.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 113 став 1, поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Отворам претрес по амандманот на член 116, поднесен од пратениците Мерсил Биљали и Абдуљади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа. На комисијата беше кажано дека правниот термин е овој што е. Според тоа немаме простор за манипулации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 116, поднесен од пратениците Мерсил Биљали и Абдуљади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на членот 118, поднесен од пратениците Бранко Арсовски и Симеон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Господинот Бранко Арсовски како еден од предлагачите го повлекува амандманот, меѓутоа господинот Симеон Наумовски не е тука, па не може да се повлече амандманот.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 118, поднесен од пратениците Бранко Арсовски и Симеон Наумовски.

Во меѓувреме пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу поднесоа амандман на член 4 став 3.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 8 став 1,2 и 3, член 13 став 1 и 2, член 15, член 16 став 1 точка 1 и за бришење на став 2, член 20, за бришење на член 21, член 34 став 2.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој амандман?

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот поднесен од пратениците Бранко Арсовски и Симеон Наумовски.

X/1 JJ/НД

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Овде се работи за истиот член.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не,гласаа по тој амандман и добија само пет гласови бидејќи Бранко Арсовски, го повлече амандманот, но Симеон Наумовски не е тука па не може да го повлече си остана во постапка и за тоа гласавме. Тој амандман доби само 5 гласови и за тоа веќе е изгласан тој амандман.

Само сега мораме да ја вратиме постапката каде што застанавме.

Пак ве информирам мора претставникот на Владата да му дадеме пауза од една до две минути додека да се договорат, ќе почекаме.

Амандманите беа поделени ама тие не можеле да ги видат, и сега не можеме да ги викаме овде на говорница да ни кажуваат што мислат.

Затоа сега ќе прекинеме, вечерва они нека ги погледаат овие амандмани, а некој не се готови и така не можеме да продолжиме да работиме. Се работи за закон и мораме да внимаваме. (мала пауза).

Предлагам сега да прекинеме со работа а да продолжиме утре во 10,00 часот, со расправа по амандманите.

(Седницата прекина со работа во 18,05 часот).